Chris Minns
Premier of New South Wales

Steve Kamper
Minister for Small Business, Minister for Lands and Property
Minister for Multiculturalism, Minister for Sport

Jodie Harrison
Minister for Women, Minister for Seniors
Minister for Prevention of Domestic Violence and Sexual Assault

# Соопштение за медиумите

## Сиднеј постигна погодок со Unity Pitch

**Петок, 19 мај 2023**

Фудбалската треска продолжува во Сиднеј со поставувањето на FIFA Women's World Cup 2023™ Unity Pitch во Yulang, Sydney Olympic Park, во следните пет дена.

Совпаѓајќи се со Неделата на женскиот фудбал ширум Нов Јужен Велс и на само 62 дена до почетокот на турнирот, Unity Pitch нуди можност за прослава на доаѓањето во Сиднеј на Светското првенство за жени на ФИФА.

Премиерот на Нов Јужен Велс, Крис Минс, изјави дека навивачите ќе имаат можност да ги видат најдобрите фудбалерки од сите страни на светот и дека тоа ќе ја инспирира следната генерација на „Матилди".

"Владата на Нов Јужен Велс е извонредно горда што го поддржува овој значаен историски настан, во соработка со ФИФА, со локалните организации на ФИФА и со низа локални партнери, за да го покаже Сиднеј на светот и за да обезбеди долгорочна придобивка за нашата заедница."

Министерот за спорт Стив Кемпер изјави дека спортот е моќно средство за зближување на луѓето.

"Unity Pitch е сè што спортот го претставува", рече министерот Кемпер.

"Тој ќе ги собере навивачите додека се подготвуваме на светот да му посакаме добредојде во Сиднеј на најголемиот женски спортски настан во светот.

"Тоа покажува дека големите спортски настани не се само за елитни спортисти, туку обезбедуваат можност за развој на спортот на локално ниво. Сакам да видам како заедниците ќе го користат теренот на начин што им е најважен."

На министерката за жени Џоди Харисон ѝ се придружија официјалната маскота Tazuni™, истакнати „Матилди" и локални фудбалери заради пречек на Unity Pitch во Sydney Olympic Park.

"Со Светското женско првенство 2023 на ФИФА на прагот на Сиднеј, Unity Pitch додава уште едно ниво на исчекување спроти овој историски турнир", рече министерката Харисон.

"Отворањето на Unity Pitch во Сиднеј доаѓа додека нашата држава ја прославува Неделата на женскиот фудбал и чест ми е што сум во друштво со извонредни играчи и со луѓето кои придонесоа на традицијата на женскиот фудбал ширум Нов Јужен Велс. Настаните како што е овој покажуваат дека нашата држава продолжува да гради посветла иднина за жените во спортот.

“Илјадниците љубители на фудбалот кои ќе ги видиме на теренот оваа недела се голема претходница на Трофејниот турнир во јуни, пред долго очекуваната средба на „Матилдите“ против Република Ирска на Стадионот Австралија тука во Sydney Olympic Park."

Теренот во разиграни бои ги отсликува двете единствени култури на Австралија и Аотеароа Нов Зеланд, и собирот на 32 нации што учествуваат во турнирот, ќе бидат како дома во нашиот разигран и мултикултурен град.

Џејн Фернандез, главна организациска менаџерка на FIFA Women’s World Cup 2023 Australia and New Zealand™ за Австралија, е одушевена што впечатливиот Unity Pitch на Светското женско првенство 2023 на ФИФА ќе ја заврши неговата обиколка на градовите домаќини во Сиднеј / Вангал.

“Unity Pitch беше откриен во Сиднеј пред речиси една година и од тогаш патуваше во сите градови домаќини во Австралија и Нов Зеланд, искористувајќи ја можноста да биде дел од Светското женско првенство на ФИФА“, рече таа.

Со нетрпение го очекуваме негово последно појавување во Sydney Olympic Park, што исто така ќе биде домаќин на најнезаборавното Светското женско првенство на ФИФА до сега.“

Без оглед дали станува збор за тренинг, за јакнење на тимска работа или за пријателско шутирање со пријатели, Unity Pitch ќе ги спои заедниците во исчекување на најголемиот светски женски спортски настан до сега.

Џејмс Џонсон, главен извршен директор на Football Australia, рече дека Неделата на женскиот фудбал беше национална иницијатива за профилирање на жените и девојките во фудбалот ширум државата и значаен начин за рамномерна родова застапеност.

„Да се биде домаќин на Светското женско првенство на ФИФА дава можност еднаш во животот за израмнување на теренот и низ NSW Legacy Fund веќе гледаме остварување на повеќе од 100 дотации за инфраструктура и учество финансирани во првата фаза на програмата“, рече тој.

Unity Pitch ќе биде во Sydney Olympic Park од 19 до 23 мај, со учество на локални фудбалски тимови и групи на заедницата во низа активности. Теренот ќе биде отворен за публиката бесплатно во текот на неделата.

За натамошни информации и најнови детали за Unity Pitch и за активностите на Трофејната турнеја во Нов Јужен Велс, ве молиме посетете ја веб-страницата www.sport.nsw.gov.au/fifawwc

**МЕДИУМИ**: Jonathan Symons | **Министер Kamper** | 0407 488 158